# Заклучоци и препораки од 22. седница на НСП, одржана на 18.12.2013 година

## 1. Усвојување на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за развој на платниот систем во Република Македонија во периодот 2013-2017 година.

Националниот совет за платни системи (во понатамошниот текст: НСП), по претходно извршените консултации со сите страни вклучени во платниот систем, усвои усогласен Акциски план со носители и временска рамка за спроведување на планираните активности со Стратегијата за развој на платниот систем во Република Македонија во периодот 2013-2017 година, пришто ги донесе следните заклучоци:

- Активностите за коишто како носители се определени конкретни институции се вклучени во програмите за работа на институциите и нивното спроведување ќе се следи преку членовите на НСП од соодветната институција/носител;
- Активностите за коишто како носители се наведени работните групи се предуслов за дефинирање на конкретни предлози за мерки и натамошни активности на институциите и нивното спроведување ќе се следи преку редовни извештаи од координаторите на работните групи.

## 2. Верификација на ревидираната листа на членовите во работните групи на НСП.

НСП, имајќи во увид дека за спроведувањето на голем дел од планираните активности е потребна меѓусебна координација на сите страни вклучени во платниот систем, изврши ревизија на работните групи водејќи сметка за застапеност на институциите со соодветни експерти во секоја одделна работна група и ги донесе следните заклучоци и препораки:

- Координаторите на работните групи да ја водат работата на транспарентен начин преку известување на сите членови на НСП за времето и местото на одржување на состанокот со дневниот ред, како би можеле тие да се приклучат на работата доколку сметаат дека е потребно и до секретарот на НСП редовно да доставуваат извештаи за заклучоците и предлозите од одржаните состаноци;
- Составот на членовите на НСП и работните групи, како и извештаите од работата заедно со сите корисни информации ќе се објавуваат на интернет страната на Народна банка во делот за НСП.

Емилија Нацевска с.р.
Претседател на
Националниот Совет за Платни Системи и
Советник на гувернерот за платни системи и
евроинтеграции